ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 07.09.2015 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни** : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на одделение за општи и правни работи Јаготка Николовска Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски Раководител на одделение за финансиски прашања Татјана Ѓеоргиевска, Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Директор на ЈП Комуналец Крива Паланка Томе Тодоровски, Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски, Советник Игор Додевски, Виш Соработник Биљана Тасевска .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Дадено известување до Градоначалникот за проектот за реновирање на салата - енергетска ефикасност за ОУ Илинден Никола Граматиков и Добривој Николовски 7.9.2015

Дадено изестување за состојбата со проекти кои се аплицирани преку АФПЗРР и Светска Банка. Никола Граматиков 7.9.2015

Да се изврши увид и да се преземат активности за осветлениeто во с. Градец и за мостот во м.в. Мезовски Ливади. Никола Граматиков 31.8.2015

Да се даваат известувања за повеќенаменското игралиште во с. Конопница да се контактира со надлежните околу отпочнување на активностите за изградба.Никола Граматиков и Добривој Николовски 7.9.2015

Да се направи согледување за водоводи и канализациони системи кои можат да се предадат на ЈП Комуналец. Никола Граматиков 7.9.2015

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Градоначалникот да се известува за активностите во врска со Урбанистичките планови за Калин Камен, УП во градот и изготвувањето на општите акти. Добривој Николовски 7.9.2015

Во врска со оштетувањето на локалните патишта да се организира и одржи состанок со МВР за ограничување на дозволената тежината на камионите кои се движат по истите. Да се подготви допис за оштетување на патиштата и да се регулира движењето на камионите според категоризацијата на локалните патишта Добривој Николовски 7.9.2015

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

Од страна на сите одделенија да се доставаат податоци во врска со компјутери, принтери и друго за распишување на јавна набавка . 7.9.2015

Седница на Советот на Општина Крива Планка да се закаже за 17.9.2015 , координација за 10.9.2015 година. Биљана Тасевска 7.9.2015

Да се разгледа и регулира заедничкото користење на Мерцедес Унимог со ЈП Комуналец да се искористи за зимското одржување. За зимското одржување да се направат потребните консултации со надлежни органи. 7.9.2015

Да се организира достава на Решенија за данок на имот и останати документи од одделението за фнансии. Јаготка Николовска 7.9.2015

За 8-ми Октмоври да се пушти конкурс за наградата и да се утврдат настани за празникот.

Дасе распишат ЈН за изградба на патишта во с. Жидилово и с. Варовиште , ЈН за набавка на дрва, ЈН за ЛУ Музеј (Реконструкција и рекламен матријал) 07.09.2015

**Одделение за инспекциски надзор**

Да се изврши увид и да се даде преглед за поставени Рекламни табли за наплата на комунална такса . Бранко Велиновски 7.9.2015

Да се даде известување од страна на комуналниот инспектор за изградени канализациони системи, и да се укаже за приклучување на граѓаните во истиот. Бранко Велиновски и Зоран Павловски 31.8.2015

Да се утврди кои системи не се предадени на ЈП Комуналец и да се подготви одлука на советот за нивно предавање. Бранко Велиновски 31.08.2015

Да се организира Ден без Автомобили 22.9.2015 Бранко Велиновски. 7.9.2015

**Одделение за финансиски прашања**

Да се даде согледување за наплатата на комуналните такси и други приходи на општината. Татјана Ѓеоргиевска 7.9.2015

Да се види за распоредување на комуналните трошоци за користење на просториите со останатите институции во општината. 7.9.2015

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Да се распише оглас за стипендиите Душко Арсовски 7.9.2015

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

Од страна на службите да се следи активноста за изградба на канализациониот систем Бојанов Дол 31.08.2015

**ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА**

Изготвил И. Додевски

Крива Паланка 7.9.2015 година